Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-6546/16
Скопје/Shkup_________година/viti
18-07-2025

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 481/2025, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

ОДЛУКА
За избор на кандидат по јавен оглас број 481/2025

1. За пополнување на слободно работно место со шифра КДР0102В01081 Советник за озеленување и унапредување на животната средина, во Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти, Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови по пат на јавен оглас број 481/2025, се избира кандидатот:
   - Ивица Царановиќ, со идентификациски код 770D2D4

2. Именованиот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за спроведување на постапка за избор на 1 (еден) кандидат за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта, формирана со Решение број 10-1334/3 од 24.06.2025 година, донесено од Директорот на Агенцијата за администрација во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за работно место од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот јавен оглас за вработување број 481/2025 од 12.06.2025 година, објавен во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха", спроведе постапка согласно Законот за администартивни службеници.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место КДР0102В01081 Советник за озеленување и унапредување на животната средина, во Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти, Сектор за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови, по извршената

административна селекција на ден 02.07.2025 година (Записник бр. 10-1334/4 од 02.07.2025 година.), спроведениот испит за административен службеник на ден 14.07.2025 година (Записник бр. 10-1334/5 од 14.07.2025 година), спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју за администативен службеник на ден 15.07.2025 година (Записник бр.10-1334/6 од 15.07.2025 година), Комисијата изготви и достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 481/2025 со број 10-1334/7 од 15.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на Предлогот на кандидати за вработување, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување то на одлуката на веб страната на Агенцијата.

В.Д.Директор
Коце Трајановски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Доставено до:

- Агенција за администрација (2 примерока)
- Именованиот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова